SERICOL

*Техничко упатство*

# Flash Fix/S-Fix Extra/T-Fix Extra
# Лепила во спреј

**ПРИМЕНА**

**Flash Fix, S-Fix Extra** и **T-Fix Extra** се аеросолни лепаци за распрскување на невакуумски печатарски маси, заради одржување на парчињата конфекција и текстил во фиксна (стегната) состојба за време на печатењето.

**ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

**Flash Fix IA-499**

**Особини:**

- добро се прилепува, има слаб мирис;
- отпорен на топлина, брзо се суши, долго ги одржува својствата на добро прилепување;
- аеросол со големи распрскани честички, кои до максимум го контролираат процесот и ја смалуваат можноста од претерано распрскување.

**Примена:**

- сите видови и тежини на текстилни материјали, вклучувајќи ја и чистата волна (руно);
- особено погоден во случаи кога се користи брзо термичко сушење на отпечатокот.

**Чистење:**

- лесно се чисти со Seriwash Universal Screen Wash или со Actisol Superjet Screen Spray.

**S-Fix Extra IA-422**

**Особини:**

- има многу слаб мирис;
- добро се прилепува и долго ги одржува својствата на добро прилепување;
- аеросол со фини (ситни) распрскувачки честички.

**Примена:**

- сите видови и тежини на текстилни материјали;
- не е погоден во случаи кога се користи брзо термичко сушење на отпечатокот.

**Чистење:**

- лесно се чисти со Seriwash Universal Screen Wash или со Actisol Superjet Screen Spray.

**T-Fix Extra IA-510**

**Особини:**

- многу брзо се суши;
- многунаменски адхезив (лепак),
- добро се прилепува и долго ги одржува својствата на добро прилепување;
- аеросол со распрскувачки честички од средна големина.

**Примена:**

- погоден за лесни (тенки) текстилни материјали, како и за материјали со влакненца (сомот, плиш и слично).

**Чистење:**

- лесно се чисти со Seriwash Universal Screen Wash или со Actisol Superjet Screen Spray.

Покрај наведеното, овие три типа на аеросоли се применуваат и при монтажа на рекламните каталози за мустри на ткаенини, печатени отисоци и фотографии. Исто така, се користат и како лепила за картон, разни видови хартија и повеќето пластични маретијали.

**ВАЖНО**

**Како и со сите аеросоли и со овие производи треба да се постапува со разумно внимание (да се види одделот "Безбедност и ракување" ("Safety and Handling").**

**РАСПРСКУВАЊЕ**

Овие аеросоли имаат широки и едноставни копчиња за активирање и произведуваат широк и стабилен млаз за еднообразна примена. Најдобри резултати се постигнуваат кога аеросолот се нанесува во еднообразен слој, со распрскување од околу 30 см и кога се сочекува растворувачот да испари пред поставувањето на материјалот за печатење. Време на сушење на аеросолот варира и зависи од волуменот на адхезивот (лепилото) кој е распрскан.

**СТАНДАРДНО ПАКУВАЊЕ**

Flash Fix, S-Fix Extra и T-Fix Extra распрскувачки адхезиви (лепила):

- IA - 499 Flash Fix Spray Adhesive
- IA - 422 S-Fix Extra Spray Adhesive
- IA - 510 T-Fix Extra Spray Adhesive

Сите горенаведени адхезиви се испорачуваат во аеросол шишенца со нето волумен од 640 ml.

**БЕЗБЕДНОСТ И РАКУВАЊЕ**

Flash Fix, S-Fix Extra и T-Fix Extra распрскувачки адхезиви (лепила):

- Се испорачуваат во аеросолни шишенца под притисок;
- запаливи се, не ги изложувајте на температури над 50$^{O}$C;
- мора да бидат заштитени од влијание на директна сончева светлина;
- аеросолните шишенца не смеат да се бушат или запалуваат, дури ни после употребата, односно кога се празни;
- не смеат да се распрскуваат врз отворен пламен или вжарени материјали;
- не смеат да се вдишуваат: да се користат само во добро проветрени простории.

Детални и потполни информации за безбедноста и ракувањето со Flash Fix, S-Fix Extra и T-Fix Extra распрскувачки адхезиви (лепила) дадени се во соодветниот прирачник "Sericol Safety Data Sheet", кој се испорачува на барање.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА ОКОЛИНАТА**

Flash Fix, S-Fix Extra и T-Fix Extra распрскувачки адхезиви (лепила):

- не содржат тешки метали;
- не содржат хемикалии кои ја оштетуваат озонската обвивка на Земјата, како што е дефинирано со Монтреалската конвенција.

Упатствата и советите дадени во оваа техничка информација како и останатите стручни совети кои ви ги даваат нашите претставници, усмено или писмено, се базирани на современите научни сознаија и по наше уверение се точни. Меѓутоа, не можеме да гарантираме за нивната потполна прецизност бидејќи е невозможно секоја примена на нашите производи да биде предвидена, односно опишана, бидејќи производните постапки, печатарските и други материјали постојано се менуваат. Тоа е причината зошто нашите производи ги продаваме без гаранција и под услови корисниците на основа на своите сопствени испитувања односно проби, да се уверат дали одговараат на барањата. Политиката на постојано усовршување на нашите производи прави одредените информации да бидат застарени, па затоа ве молиме постојано да ги следите новите соопштенија.

**С И Т О Г Р А Ф И К А**
**1000 Скопје - ул. Јордан Мијалков бр.32 лок.2**
**тел/факс: +389 (0)2 3131-023 ; 3225-903**
**e-mail: info@sitografika.com.mk**